**УТРЕ И ЗАДУТРЕ**

# Вечери на современ балет

**● Во театарот „Центар“ в сабота ќе биде изведен кореоесејот „Страст“ на Гордана Деан, а в недела на сцената на МНТ „Вител“ на Рисима Рисимкин и „Пастели“ на Искра Шукарова**

Во рамките на одбележувањето на 45 годишнината на балетската дејност во Македонија, во Македонскиот народен театар ќе се одржат Вечери на современ балет со две премиерни претстави. В сабота на сцената на Театарот Центар со почеток во 20 часот ќе биде изведен модерниот балет „Пејшн“ или Страст според кореографијата и режијата на Гордана Деан. В недела на сцената на МНТ (20 часот) ќе бидат изведени „Вител – или како смртта ја победи Кармен) во кореографија и режија на Рисима Рисимкин и „Пастели“ во кореографија и режија на Искра Шукарова.



**Гордана Деан**

Балетот е насловен како кореоесеј бидејќи либретото го создававме во процесот на работата јас и Тамара Анастасова, која е и интерпретар на оваа педесетминутна модерна балетска игра-вели Гордана Деан балетски уметник од Нови Сад која веќе подолго време работи во Скопје во своето балетско студио. Во однос на претставата таа истакна дека е втемелена врз неколку форми на игра, почнувајќи од контакт импровизација во модерен кореографски стил – па се до индивидуалната интерпретација создадена со истражувања во сферите на движењата преку што се пренесуваат ликовите на Жената и на Битието, односно Несвесното, во една современа приказна од урбаната средина во која една раздвоена човекова природа го бара патот кон соединувањето. Претставата е работена според музиката на Питер Габриел и на „Карамел“ а сценографијата е на Антони Мазневски.

Балетот „Вител или како Смртта ја победи Кармен“, еден од двата што ќе се изведат в недела, според авторот на либретото, кореографијата и режијата на Рисисма – Рисимкин, млад кореограф од МНТ, претставува психолошка драма чија подлога е во познатата приказна за убавата Кармен која поигрувајќи си со љубовта воедно си поигрува и со смртта и на крајот станува нејзин плен. Во балетот настапуваат Надица Борсова (Кармен), Константин Тешеа гостин од Романија (Војник), Сергеј Домрачев гостин од Русија (Ѓавол-Тореадор), Билјана Пашариковска (Девојка), Ели Спасевска (Смрт) и Надица Ристевска, Маја Симеонова, Олга Панговска, Јасминка Крстевска, Маја Јовановска, Маја Митревска и Знејпа Џафер (фурии). Балетот е работен според музиката на Родион Шчедрин.

За балетот „Пастели“ авторката Искра Шукарова, исто така млад кореограф од МНТ, истакна дека во него се пренесени нејзините искуства стекнати на специјализантскиот престој во Лион минатата година и дека со него е направен обид да се прикажат сите елементи и движења на современиот балет што подолго време се негува во Франција. Во него според авторот во петслики е присутно различно расположение кое се пренесува преку една лесна подвижна игра, со меки движења на телото кои прават една целина. Во претставата учествуваат Маја Симеонова, Ирена Челебиќ, Лиле Миленковска, Олга Панговска, Тања Пастањицики, Наташа Јосифова, Катарина Кипровска, Билјана Пашариковска, Маја Јовановска, Зејнепа Џафер, Маја Митревска и Искра Шукарева. Балетот е работен според музиката на Мајл Олдфилд.

Автори на костимографијата и сценографијата за двете претстави се Елена Дончева и Кирил Јовановски.

**В. Д.**

Н.М. 10-6-94 стр 9